ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:33-206/10**

**Дата: 18.09.2013**

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за животна средина и просторно планирање (во понатамошниот текст МЖСПП) на сметката на основниот буџет (637) за 2012 година.

При ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што е утврдено дека најголем дел од препораките се имплементирани. Од вкупно дадените 19 препораки, 11 се спроведени, 4 се делумно спроведени, а 4 не се спроведени.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на МЖСПП на ден 31 декември 2012 година, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразуваме негативно мислење.

Во рамки на утврдените слабости, како позначајни ги констатиравме: невоспоставениот систем на интерни контроли кај процесот на плати, нетранспарентниот начин на доделување на средствата за кофинансирање на програми и проекти од областа на животната средина и неправилности околу ангажирањето на лица по договор за дело.

За дел од проектите кои се финансираат/кофинансираат не е извршен теренски увид од лицата назначени од министерството за надзор и контрола и утврдени се отстапувања помеѓу времените ситуации и фактички реализираните работи.

Дел од опремата не е сметководствено евидентирана, неправилно се евидентирани нематеријалните средства и не се обезбедени имотни листи за недвижниот имот.

За дел од нематеријалните средства не е пресметана амортизација и ревалоризација, пописот на средствата и изворите на средства за 2012 година не е целосно и правилно спроведен и констатирано е сметководствено неевидентирање на залихата на резервни делови. Во 2012 година, не е почитуван во целост Законот за јавни набавки при набавките на стоки и услуги.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорните лица во МЖСПП треба да преземат активности со кои ќе се обезбеди: функционирање на системот на електронска евиденција на работното време, транспарентен начин на доделување на средства за кофинансирање на проектите од областа на животната средина, ангажирање на лица по договор за дело согласно законските одредби, надзор и контрола над реализираните работи и исплата на буџетски средства за реално извршените работи, сметководствено евидентирање на опремата и обезбедување на имотни листови за недвижниот имот, пресметка на амортизација и ревалоризација на целокупната опрема, целосно и правилно спроведување на пописот, сметководствено евидентирање на залихата на резервни делови и доследна примена на постапките утврдени со Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 23 до 25 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2012 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2007 година на МЖСПП при што изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Абдилаќим Адеми – министер од 04.08.2011 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на МЖСПП се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата изнесени во делот „Цели и делокруг на ревизијата" ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Министерството нема евидентирано дел од опремата, неправилно се искажани нематеријалните средства и не се обезбедени имотни листи за недвижниот имот. За дел од нематеријалните средства не е пресметана амортизација и ревалоризација, пописот на средствата и изворите на средства за 2012 година не е целосно и правилно спроведен и констатирано е сметководствено неевидентирање на залихата на резервни делови. Поради неизвршениот надзор и контрола, за дел од расходите не добивме уверување дека извршените исплати одговараат на фактичката реализација на проектите.

Поради наведеното, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ да обезбедиме основа за изразување на ревизорското мислење за финансиските извештаи на Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 31 декември 2012 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.03.2013 до 31.05.2013 кај МЖСПП од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години – спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што е констатирана следната состојба:

- Целосно се спроведени препораките по основ на формирање на стручно тело кое ќе одлучува во изборот на проектите и навремено се започнуваат предвидените активности согласно планот за јавни набавки во функција на распишување на постапки за јавни набавки за проектите и реализацијата на изведбените активности. Донесен е интерен акт - упатство за работа со однапред утврдени постапки кое ќе се употребува при финансирањето на проектите во однос на извршување на градежни работи, нов Правилник за систематизација бр. 01-5174/1 од 27.05.2010, интерни акти со кои е утврдено правото на вработените за користење на службено возило и за средствата наменети за репрезентација и во целост е воспоставен системот на целосна внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции. МЖСПП за извршените исплати согласно склучените договори обезбедува завршна ситуација и нема извршено исплати по основ на спонзорства. Обврските за плата се евидентираат и на сметката Активни временски разграничувања континуирано во текот на годината.
- Делумно се спроведени препораките по основ на воспоставување на интерни процедури и постапки со кои ќе се врши контрола во поглед на правилното спроведување на целокупната постапка околу доделувањето на финансиските средства за проекти од областа на животната средина, донесување на процедури за движењето на документацијата кои ќе обезбедат целокупната влезна документација без исклучок да биде архивски заведена и почитувањето на Законот за јавни набавки Одговорните лица имаат воспоставено сметководствена евиденција на средствата кои се исплатуваат на вработените за службени патувања во земјата и странство по основ на аванси, но не се врши навремено раздолжување на вработените во законски предвидениот рок;

- Не се спроведени препораките по основ на објавување на јавен оглас за прибирање барања во врска со финансирањето на проектите за заштита на животната средина, не е извршен попис согласно законските прописи, не се превземени активности за регулирање на сопственичкиот статус на основните средства (брод лабораторија и патничко возило) со цел избегнување на двојно евидентирање на иста опрема и ангажирани се 20 лица по договор за дело за вршење на редовни работни активности.

Во Прилог 1 кон овој извештај дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 30.05.2013 година.

Министерот на МЖСПП на ден 09.08.2013 година достави забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година за сметката на основен буџет (637), заведени во Државниот завод за ревизија под број 33-206/9 од 09.08.2013 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот, освен точката 4.2.2 на која и се додава нов пасус за спроведените активности од страна на министерството во текот на 2013 година по дадената препорака.
Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог бр.2 на Конечниот извештај.

### 4.1 Интерни контроли

4.1.1 При оцена на системот на интерни контроли кај процесот на плати ревизијата ги констатира следните неправилности:

- Во МЖСПП во 2009 година е воспоставен систем за електронско евидентирање на работното време, меѓутоа истиот не е во функција подолг временски период кој ја опфаќа и цела 2012 година. И покрај ангажманот и контактите на задолжено лице од министерството со фирмата од која е набавен системот, истиот ниту е поправен, ниту пак министерството преземало мерки за спроведување на постапка за јавна набавка на нов систем или постапка за одржување на постојниот систем за електронска евиденција на работно време;
- Во недостиг на електронска евиденција, редовноста на вработените се утврдува со евидентни листи за секој вработен, каде вработениот се потпишува при доаѓање и заминување од работа. Од листите неможе

да се види реалното време на доаѓање и заминување од работа, бидејќи образецот евидентен лист е со отпечатено време на доаѓање 8:30 и време на заминување 16:30 и истите се без авторизација од раководното лице;

- Листите за редовност на ниво на министерство ги изготвува самостоен референт во одделението за човечки ресурси врз основ на месечни прегледи на отсутни лица кои ги доставуваат раководителите на сектори/одделенија и во недостиг на раководител на одделение за човечки ресурси или друго назначено лице истите се авторизирани само од министерот, без претходна контрола;
- Во постојните интерни акти на министерството со кои се уредуваат начинот на организација, систематизација на вработените, кадровската екипираност, број на ангажирани извршители на работни задачи, ревизијата утврди дека за вршење на работи за потребите на министерот не е предвиден сектор за координација на работите на министерот. Во недостиг на сектор за координација на работите на министерот-кабинет, министерот со решение ангажира 9 лица од кои 5 државни службеници кои согласно систематизацијата и решенијата за распоредување на работно место се распоредени во различни сектори и 4 лица ангажирани по договор за дело, за кои воопшто не се води евиденција на присутност односно евиденција на работното време;

Ваквиот начин на евиденција и контрола на работното време не е во согласност со член 116 од Законот за работни односи и не обезбедува уверување дека исплатените плати се резултат на реално одработените часови (времето на доаѓање и заминување од работа и отсуства во текот на работното време по разни основи).

**Препораки:**

1. Одговорните лица во министерството да преземат активности за отстранување на недостатоците на системот на електронска евиденција и врз основа на податоците од месечните електронски листи за редовност да се врши пресметка и исплата на плата за секој вработен.
2. Да се преземат мерки за назначување на лице во рамки на расположивиот кадар во министерството за контрола на листите за редовност, со што би се воспоставила контрола и би се разграничиле должностите и одговорностите при изготвување на истите.
3. Министерството да преземе активности за почитување на прецизно дефинираните работните должности и одговорности согласно актите за организација и систематизација на работни места.

4.1.2 Ревизијата констатира дека слабостите утврдени со ревизорскиот извештај од 2007 година а во врска со утврдените неправилности во процесот на финансирање/кофинансирање на проектите од областа на животната средина не се во целост отстранети.

Во 2012 година доставени се 15 барања, а 5 од нив се одобрени и се склучени договори за кофинансирање во вкупен износ од 37.778 илјади денари. Иако има донесено Упатство бр.02-4715/1 од 25.10.2005 година за критериумите, начинот и постапката за доделување средства за финансирање и/или кофинансирање на програми, проекти и други слични активности во областа на заштита и унапредување на животната средина и природата како и формирано Комисија при министерството, постапката за доделување на средствата за финансирање/кофинансирање на програми, проекти и други слични активности во областа на заштита и унапредување на животната средина и природата започнува со доставување на барања од заинтересираните субјекти до МЖСПП без претходно објавен јавен оглас. Имајќи во предвид дека проектите од областа на животната средина се финансираат преку Програмата за инвестирање во животната средина од сметката на основен буџет – 631 со објавување на Јавен конкурс, ваквиот начин на доделување на средства укажува на нетранспарентност, ограничување на можноста за јавна информираност на сите субјекти да учествуваат во постапката на доделување на финансиските средства за оваа намена и нерамноправна положба на едни во однос на други субјекти.

**Препорака:**

Министерот да задолжи лица кои ќе преземат активности за објавување на Јавен оглас за финансирање/кофинансирање на проектите од областа на животната средина.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

4.2.1 Министерството за животна средина и просторно планирање во текот на 2012 година исплатило средства во износ од 332 илјади денари за ангажирање на две лица по договор за дело (технички секретар на директорот на Управата за животна средина и лице за редовно одржување на системите во Јегуновце).

Ангажирање на лица преку формата договор за дело не е во согласност со член 619 од Законот за облигациони односи каде е уредено дека со договор за дело вршителот на работата се обврзува да изврши определена работа, како што е изработка или поправка на некој предмет или извршување на некоја физичка или интелектуална работа и слично, а нарачувачот се обврзува за тоа да му исплати надомест.

Исто така, ангажирањето на надворешни лица на ваков начин не е во согласност со одредбите од член 17 од Законот за извршување на буџетот за 2012 година, член 9 од Законот за државни службеници, член 4 од Законот за привремени вработувања и не обезбедува еднаквост, јавност и транспарентност при вработување согласно законските одредби.

**Препорака**

МЖСПП по утврдување на реалните потреби за ангажирање на надворешни лица неопходни за постигнување на предвидените цели и задачи да преземе активности заедно со МИО и МФ за ангажирање на лица потребни за функционирање на министерството согласно законските прописи.

4.2.2 По основ на склучен Договор за кофинансирање бр.02-9738/5 од 2009 година со општина Чаир за Изградба на водоводна мрежа во Тенеќе маало во износ од 4.999 илјади денари, исплатени се средства во вкупен износ од 4.831 илјада денари.

Во врска со реализацијата на договорот, извршивме споредбени анализи на доставените времени ситуации и Предмер пресметката на работите за водоводна мрежа како составен дел на договорот, при што констатиравме одредени отстапувања во количините за изградба на улица бр.1, односно изведувачот вградил помали количини за 167 илјади денари од оние според Предмер пресметката. Поради нефункционирање на системот на интерни контроли, ваквите состојби не се констатирани ниту од надзорот ниту од лицето вработено во МЖСПП назначено за надзор и контрола, поради што министерството нема извршено намалување на вредноста на договорот што не е во согласност со член 12 од Законот и член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и може да има за ефект ненаменска и незаконска исплата на буџетски средства.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на одговорното лице на МЖСПП преземени се мерки и на 04.06.2013 година склучен е Анекс бр.02-5194/1 од 04.06..2013 година на Договорот бр. 02-9738/5 од 18.11.2009 со што е намалена вредноста на договорот за неизвршениот дел од работите.

4.2.3 За проектот Мониторинг систем на реките во Македонија, МЖСПП и Управата за хидрометеоролошки работи во 2000 година склучиле Договор за соработка за воспоставување мониторинг систем и следење на состојбите со водите во реките на Р.Македонија .

Со договорот е предвидено МЖСПП на Управата да ја стави на располагање опремата и техничко технолошката помош, неопходни за спроведување на проектот, а по завршување на проектот опремата набавена за негова реализација да биде распоредена со посебен договор склучен помеѓу МЖСПП и Управата.

И покрај тоа што проектот е завршен во 2010 година, МЖСПП и Управата сеуште немаат склучено посебен договор за распоредување на опремата.

Во текот на извршувањето на ревизијата министерот има донесено Решение бр. 02-10705/2 од 29.04.2012 година врз основа на кое се формира комисија составена од претставници од МЖСПП и УХРМ, со цел да изврши попис и

примопредавање на опремата добиена од проектот RAMSYS, финансиран од Владата на Швајцарија.

Со извршување на пописот и склучување на договор за распоредување и приморедавање на опремата ќе се овозможи непречено извршување на активностите на хидролошкиот сектор при УХРМ, пред се во однос на потпишување на договори со производителот на опремата и на софтверот на автоматските станици или соодветен сервис за сервисирање на опремата и софтверот.

**Препорака**

Одговорните лица во МЖСПП и УХРМ да продолжат со активностите за спроведување на пописот и да склучат договор за распоредување и примопредавање на опремата на трајно користење на УХРМ.

## 4.3 Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

### Расходи

4.3.1 Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на направените расходи за исплатени бруто плати во износ од 1.339 илјади денари за 5 државни службеници вработени во МЖСПП, поради неуверување дека истите се работно ангажирани во министерството и тоа:

- 1 самостоен референт за протоколарни работи со решение за распоредување на работно место од месец јануари 2011 година;
- 1 помлад референт за општи и административни работи со решение за распоредување на работно место од месец јули 2011 година;
- 1 самостоен референт за административни работи со решение за распоредување на работно место од месец ноември 2010 година;
- 1 помлад референт за евиденција со решение за распоредување на работно место од месец февруари 2012 година и
- 1 советник преведувач со решение за распоредување на работно место од месец февруари 2012 година,

Во недостиг на електронска евиденција на работното време, од страна на раководителите на секторите/одделенијата во кои по решение се распределени државните службеници, добивме писмено известување дека лицата работно не се ангажирани во нивните сектори/одделенија, не се евидентирани во списоците за присутност, не се оценувани од нивна страна и немаат поднесено барање за годишен одмор. На барање на раководителите на секторите/одделенијата во кои се распределени овие државни службеници, усно се информирани дека четири од нив се работно ангажирани во кабинетот на министерот. Според решението за ангажирање на лица во кабинетот на министерот, со работни задолженија се распоредени 9 лица, во кои не спаѓаат и претходно споменатите.

Ваквиот начин на исплата на плати е спротивен на член 82 од Законот за работни односи, член 29-а, член 77 и член 81-г од Законот за државни службеници што може да има за ефект незаконско и ненаменско трошење на буџетски средства.

**Препорака**

Одговорното лице во министерството да преземе активности за утврдување на работното ангажирање на овие вработени и нивната присутност на работа, а доколку се утврди нивно неоправдано отсуство од работа да се преземат мерки за престанок на вработување согласно одредбите од Законот за државни службеници.

4.3.2 Врз основ на Одлука донесена од страна на Владата на РМ број 41-2447/1 од 17.04.2012 година за распределба на средства остварени по основ на надоместокот за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2012 година, МЖСПП има склучено договори со десет општини за доделување на финансиски средства на програми и активности за управување со животната средина во однос на влијанијата од енергетскиот сектор. Со извршениот увид во целокупната документација, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на исплатените средства во вкупен износ од 34.794 илјади денари од причина што лицата кои се задолжени од министерството за вршење надзор и контрола немаат извршено увид во реализација на работите пред започнување на проектот или во текот на извршувањето на истиот што не е во согласно со член 9 од склучените договори и има за ефект зголемување на ризикот во поглед на законското и наменското трошење на доделените финансиски средства.

4.3.3 МЖСПП има склучено Договор за кофинансирање бр.02-4342/5 од 29.04.2011 година со општина Осломеј за Изградба на фекална канализација за с.Стрелци и с.Гарани. Вкупната вредност за реализација на проектот изнесува 26.459 илјади денари, а МЖСПП учествува со 3.000 илјади денари, согласно предмер пресметката за Анексот на непредвидени и дополнителни работи.

Со извршениот увид во целокупната документација ревизијата ги констатира следниве неправилности:

- Лицето од МЖСПП назначено за вршење надзор и контрола на реализација на работите кои се предмет на овој договор нема направено теренски увид пред започнување на работите. Поради тоа, во извештајот од извршениот надзор дадени се само општи констатации кои се базирани на укажувањата на изведувачот, но не и фактичката состојба на терен која ќе ја потврди веродостојноста на времената ситуација;

- Со извршените споредбени анализи утврдивме дека изведувачот во изведените дополнителни работи вградил помали количини од оние искажани во Анекс кон договорот, односно количините кои се наведени во времената ситуација не соодветствуваат со оние од Анекс кон договорот и со градежната книга. Поради вградувањето на помали количини од оние утврдени во Анекс договорот, вредноста на дополнителните работи во времената ситуација изнесува 2.018 илјади денари, но МЖСПП исплатило 3.000 илјади денари, односно 982 илјади денари се исплатени за работи кои не се составен дел на договорот.

Неизвршениот увид во фактичката состојба на терен од страна на лицето назначено за надзор и контрола и неусогласеноста на количините наведени во Анекс договорот, времената ситуација и градежната книга не се во согласност со член 3 и 12 од Договорот за кофинансирање помеѓу министерството и општината, член 12 од Законот и член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и укажуваат на нефункционирање на системот на интерни контроли. Поради овие причини, ревизијата не се увери во објективноста и реалноста на направените расходи во износ од 3.000 илјади денари, односно не доби уверување дека работите наведени во времената ситуација се квалитетно и во целост реализирани од страна на изведувачот согласно договорот.

4.3.4 На 22.11.2010 година министерството склучило Договор бр.02-5084/19 за изградба на пречистителна станица за отпадни води од селата Глумово и Шишево во вкупна вредност од 44.324 илјади денари. До денот на ревизијата исплатени се средства во износ од 34.801 илјади денари, од кои во 2012 година 25.999 илјади денари.

Со извршениот увид констатиравме дека третата и четвртата времена ситуација, градежниот дневник и градежната книга иако се одобрени од надзорниот орган, не се одобрени од страна на лицето назначено како координатор на проектот од МЖСПП бидејќи се констатирани разлики помеѓу позициите во времените ситуации и фактичката состојба на терен. Иако, нема Извештај од надлежното лице од МЖСПП и согласност за исплата, исплатени се средства по третата времена ситуација во вкупен износ од 19.189 илјади денари (во 2012 година 16.307 илјади денари, а 2.802 илјади денари во 2013 година).

Од Извештајот за направениот повторен увид на 16.01.2013 година констатирано е дека се уште постојат разлики во степенот на оствареното, односно постои разлика во градежната документација и реализираната фактичка состојба на градежните објекти од предметниот проект.

Како резултат на нефункционирање на системот на интерни контроли, наведените состојби не се во согласност со член 12 од Законот, член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член

63-65 од Договорот и не даваат уверување во реалноста и објективноста на направените расходи во износ од 19.109 илјади денари односно дека истите соодветствуваат на фактички извршените работи.

4.3.5 Министерството има склучено Рамковна спогодба бр.02-2757/15 од 30.05.2011 година во износ од 122.997 илјади денари за проектирање и изградба на филтерска станица на системот за водоснабдување во Гостивар. Според член 12 од Договорот, проектирањето и изградбата ќе биде поделена на делници и за секоја од нив ќе бидат склучувани посебни договори. На 05.03.2012 година склучен е Анекс бр.2 - Договор со кој изведувачот се обврзува да изведе дел од работите на филтерската станица и набавка на опрема согласно доставената предмер пресметка која е составен дел на овој договор во вкупен износ од 12.055 илјади денари и по доставените времени ситуации исплатени се 12.055 илјади денари. Од извештајот за извршениот надзор за изведување на работите, ревизијата констатира дека лицето од МЖСПП назначено за вршење надзор и контрола на реализација на работите кои се предмет на овој договор нема направено теренски увид, туку извештајот го има подготвено само врз основа на извршениот увид во доставената документација, што не е во согласност со работите што му се определени со Овластувањето, со член 12 од Законот и член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на работа укажува на нефункционирање на системот на интерни контроли, поради што ревизијата не се увери во објективноста и реалноста на направените расходи во износ од 12.055 илјади денари, односно не доби уверување дека работите наведени во времените ситуации се квалитетно и во целост реализирани од страна на изведувачот.

4.3.6 Фондот за води во 2008 година има склучено Договор бр. 03-833/1 од 27.05.2008 година со општина Дебар за доделување на финансиски средства во износ од 6.000 илјади денари за уредување на речното корито на река Речиште во Долно Косоврасти. На 22.12.2009 година од страна на изведувачот доставена е Втора времена ситуација за извршените работи во износ од 1.239 илјади денари, а на 14.01.2010 година извршен е теренски увид на овластеното лице од Фондот за води при што иако времената ситуација е одобрена од надзорниот орган, констатирани се низа неправилности односно утврдено е дека изведените работи не соодветствуваат со Проектот и дека е потребно да се изврши повторно снимање на речното корито за утврдување на фактичката состојба. По извршеното повторно снимање на речното корито, на 03.09.2010 година и направениот теренски увид констатирано е дека неправилностите не се отстранети, така што во однос на доставената втора ситуација и изведените работи на терен по укажување на овластеното лице Фондот за води исплаќа 336 илјади денари.

Бидејќи, од 01.01.2011 година Фондот за води е укинат а вработените и обврските ги превзема МЖСПП, од стручните служби во министерството повторно е разгледана доставената документација и во Информацијата за извршената анализа на договори од Фондот за води и обезбедување на средства за реализација на договори е констатирано дека рокот за реализација на договорот е изминат и истиот треба да се раскине.

Во 2012 година, општината доставила известување кое е верифицирано од надзорниот орган дека работите се завршени, по што МЖСПП ги презема обврските и врши исплата на средства во износ од 904 илјади денари, иако лицето кое е одговорно за надзор и контрола на проектот нема извршено повторен увид на терен за утврдување на фактичката состојба. Имајќи во предвид дека иако времената ситуација е одобрена од надзорниот орган а сепак се констатирани одредени неправилности од страна на лицето надлежно за надзор и контрола, не ни дава уверување дека работите за кои е извршена исплатата се во целост завршени.

Наведените состојби не се во согласност со член 12 од Законот и член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и укажуваат на необезбеден систем на интерни контроли кои не даваат уверување во реалноста и објективноста на направените расходи.

**Препорака**

Лицата кои се назначени од министерството за надзор и контрола над реализација на работите на проектите кои се финансираат/кофинансираат, да вршат теренски увид согласно дадените овластувата и склучените договори за да ја утврдат фактичката состојба, а исплатите и евидентирањата во деловните книги да бидат поткрепени со веродостојни и вистинити сметководствени документи и истите да се однесуваат на фактичкиот обем на извршените работи и услуги.

**Биланс на состојба**

4.3.7 Со извршениот увид во сметководствената евиденција на постојаните средства ревизијата ги констатира следниве неправилности:

- Не е пресметана амортизација и ревалоризација на софтвер за трезорско работење набавен во 2008 година во износ од 106 илјади денари;
- На позицијата нематеријални средства евидентирани се годишни лиценци за антивирусни софтвери во износ од 503 илјади денари кои се со важност од една година и истите веќе не се во функција;
- Во книгата на основни средства не е извршено целосно евидентирање на нематеријалните средства и земјиштето, опремата и средствата превземени од ЈП за водостопанисување со Хидросистемот "Дојранско езеро" - Стар Дојран, поради што состојбата искажана во

сметководствена евиденција на постојаните средства на ден 31.12.2012 година е поголема за 25.061 илјада денари во однос на состојбата искажана во книгата на основни средства;

- Не се преземени активности за надминување на слабостите утврдени во ревизорскиот извештај за 2007 година, а кои се однесуваат на опремата (брод лабораторија - Лехмарк и патничко возило марка Форд) добиена од донации. Овие средства во исто време се водат и во сметководствената евиденција на МЖСПП и ЈНУ Хидробиолошки завод Охрид поради нерегулиран сопственички статус што има за ефект двојно евидентирање на иста опрема кај два различни субјекти;
- Со извршен увид во деловните книги на МЖСПП ревизијата констатира дека одговорните лица во министерството немаат извршено сметководствено евидентирање на патничките моторни возила кои согласно Одлуките донесени од Владата на РМ во 2009, 2011 и 2012 година се преотстапени и дадени на трајно користење на министерството, а додека возилата кои се дадени на користење од МЖСПП на други државни органи и понатаму се водат во сметководствената евиденција што има за ефект неусогласување на сметководствената и фактичката состојба и неможност од утврдување на точниот број на возила кои го сочинуваат возниот парк на министерството.
- На позицијата Материјални средства во подготовка на ден 31.12.2012 година евидентирани се 15.249 илјади денари кои се однесуваат на цевковод за полнење на Дојранско езеро и истиот е превземен од страна на МЖСПП согласно Одлуката бр. 41-798/1 од 07.02.2012 година за престанок на важење на одлуката за основање ЈП за водостопанисување со Хидросистемот "Дојранско езеро" - Стар Дојран. Иако цевководот е изграден во 2002 година и е во функција, за истиот износ не е извршено зголемување на позицијата Материјални средства од причини што нема технички прием односно не е издадено Одобрение за употреба од страна на надлежните органи.

  Од страна на МТВ формирана е комисија за технички прием која со записник бр. 02-721/1 од 16.10.2008 година констатирала забелешки од техничкиот преглед и дала предлог за нивно отстранување за да се овозможи издавање на Одобрение за употреба. До денот на ревизијата не се превземени активности за нивно отстранување.
- Врз основа на Одлуки донесени од страна на Владата на РМ, на МЖСПП му е пренесено правото на користење на недвижен имот -

барака со вкупна површина од 548м2 и административен простор со површина од 3.694 м2. Од страна на одговорните лица во министерството не се превземени активности за упишување на правото на користење во Агенцијата за катастар на недвижности со цел обезбедување на имотни листови врз основа на кои ќе се изврши сметководствено евидентирање на имот со кој располага министерството.

- Во деловните книги на МЖСПП не е извршено сметководствено евидентирање на недвижен имот - објект од 250м2 и двор од 770м2 во Битола и на две автоматски мониторинг станици за квалитет на амбиентен воздух кои се набавени во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите на локално и централно ниво за управување на животната средина" со вкупна вредност од 329 илјади евра.
- МЖСПП нема доставено податоци до МФ за вкупната сметководствена вредност на движните ствари кои ги користи со состојба на ден 31 декември во тековната година што не е во согласност со член 90 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и има за ефект нереално и необјективно искажување на вкупната вредност на движните ствари со кои располага РМ.

Наведените состојби не се во согласност со член 19 и 22 од Законот и член 7 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 90 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и резултира со нереално и необјективно прикажување на позицијата на Материјални средства и Државниот јавен капитал во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година.

**Препораки:**

1. Да се пресмета амортизација и ревалоризација на софтверот за трезорско работење и да се изврши отпис на нематеријалните средства кои се надвор од употреба и повеќе не се во функција.
2. Одговорните лица во министерството да извршат сметководствено евидентирање на патничките возилата во согласно со одлуките донесени од Владата на РМ, на двете автоматски мониторинг станици за квалитет на амбиентен воздух, на недвижниот имот за кои постои имотен лист како доказ за сопственост и да извршат усогласување на книгата на основни средства со сметководствената евиденција на постојаните средства.
3. Министерството да превземе активности за запишување на правото на користење на недвижниот имот во АКН и обезбедување на имотни листови за нивно сметководствено евидентирање, како и регулирање на сопственичкиот статус на опремата (брод лабораторија и патничко возило)

со цел избегнување на двојно евидентирање на иста опрема кај два различни субјекти.

4. Од страна на министерството да се превземат активности за отстранување на забелешките утврдени во записникот од комисијата за технички прием и обезбедување на Одобрение за употреба на цевководот за негово евидентирање на позицијата Материјални средства.
5. МЖСПП да достави податоци до МФ за вкупната сметководствена вредност за движните ствари што ги користи.

4.3.8 Пописот на средствата и изворите на средства со состојба на ден 31 декември 2012 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 21 од Законот и член 29-35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, од следниве причини:

- Пописната комисија нема извршено внесување на сметководствената материјална состојба на средствата во пописните листи, утврдување на материјалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба, вредносно пресметување на утврдените материјални разлики, ниту пак е извршено усогласување на фактичката со сметководствената состојба;
- Во текот на вршење на попис, пописната комисија извршила бележење на основните средства со нови инвентарни броеви кои не се идентични со инвентарните броеви под кои се водат средствата во програмот за основни средства;
- Еден месец по донесување на Одлуката за усвојување на извештајот за извршен попис во кој не е констатирано расходување на опремата, од страна на пописната комисија донесена е Предлог листа за отпис на информатичка опрема бр. 02-1300/3 од 01.03.2013 година. Со оглед дека основните средства во листата не содржат вредносни показатели истите сметководствено не се расходувани;
- Пописната комисија нема извршено попис на седумнаесет автоматски мониторинг станици за квалитет на амбиентен воздух, мобилните телефони и на пет подрачни единици на ДИЖС (Куманово, Гостивар, Охрид, Пробиштип и Кавадарци), додека пописот на опремата во ПЕ (Битола, Тетово, Велес, Штип, Гевгелија и Струмица) е извршен на крајот на месец февруари 2013 година без да бидат наведени причините за пролонгирање на рокот определен во Решението бр. 02-11825/1 од 14.12.2012 година за вршење на редовен целосен попис на средствата и нивните извори во МЖСПП;

- Пописната комисија не извршила проверка и потврдување на реалноста на искажаните обврски, не ја утврдила правната основа за постоење на истите, не потврдила дека обврските се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција и не ги утврдила причините за неизмирените обврски.

Поради нецелосно и неправилно извршениот попис ревизијата не доби соодветни ревизорски докази за да се увери во реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година.

**Препорака**

Одговорното лице на министерството да преземе активности и мерки за спроведување на пописот на начин предвиден со законските одредби.

4.3.9 Во делот на евиденција на набавката и издавањето на резервните делови и ситниот инвентар во МЖСПП, ревизијата ги констатира следниве недоследности:

- Врз основа на договор бр. 02-3151/12 од 26.06.2012 година извршена е набавка на резервни делови за потребите на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух во вкупен износ од 2.000 илјади денари без да се изврши сметководствено евидентирање преку соодветните сметки на залихи на резервни делови и останат капитал, ниту пак се води материјално задолжување и раздолжување на истите;
- МЖСПП нема пропишани соодветни политики за начинот на материјално евидентирање и издавање на ситниот инвентар во употреба (актовки, заштитна опрема за работа, мобилни телефони итн.) со искажување на промените преку материјални картици за секое средство посебно и задолжување на лицата со реверси за дадениот ситен инвентар со што би се обезбедил увид во состојбата и движењето на средствата со кои се задолжени вработените и би се намалил ризикот од неправилна и нерационална употреба на ситниот инвентар.

Ваквите состојби не се во согласност со член 6 од Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и имаат за ефект нереално и необјективно искажување на позицијата Залихи и позицијата Останат капитал во БС со состојба на ден 31.12.2012 година

**Препораки:**

1. Одговорниот сметководител да воведе сметководствена евиденција на залихите на резервни делови, преку соодветните сметки од сметковниот план, а министерот да одреди лице кое ќе биде одговорно за материјално задолжување и раздолжување на истите.
2. МЖСПП да донесе пишани процедури за начинот на материјално евидентирање и издавање на ситниот инвентар во употреба како и изготвување на реверси со кои вработените ќе се задолжат со соодветното средство.

## 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

4.4.1. Склучен е Договор бр. 02-7164/12 од 19.10.2011 година за воспоставување на документиран систем за управување со квалитет согласно барањето на меѓународниот стандард ISO 9001:2008 во МЖСПП.

По тој основ во 2012 година исплатени се буџетски средства во износ од 295 илјади денари за услуги кои ни до денот на ревизијата не се целосно извршени, што не е во согласност со член 6 од Договорот склучен помеѓу договорните страни, кој го регулира начинот и рокот на плаќање, во кој е предвидено плаќањето на вредноста да се изврши по извршување на услугата, дефинирана во техничката спецификација и предавање на материјалот од извршената обука во електронска и печатена форма и член 7 од Договорот во кој е регулирано понудувачот да достави методологија за имплементација на Системот за Управување со квалитет, што има за ефект незаконско и ненаменско трошење на средствата од буџетот.

**Препорака**

Одговорното лице во министерството да превземе мерки за почитување на одредбите од склучените договори.

**Јавни набавки**

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на МЖСПП за 2012 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 22 постапки за јавни набавки спроведени во 2012 година. Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки изнесуваат 132.725 илјади денари и претставуваат 99.7% од вкупната вредност на доделените договори за спроведените постапки во 2012 година во износ од 133.004 илјади денари.

Од извршениот увид во спроведените постапки го утврдивме следното:

4.4.2. Во текот на 2012 година, МЖСПП извршило набавка на гориво и моторни масла во вкупен износ од 6.057 илјади денари без да спроведе постапка за јавна набавка што не е во согласност со член 3 точка 3 и 22 од Законот за јавни набавки. Непочитувањето на Законот за јавни набавки не обезбедува транспарентност, фер конкуренција и објективност при изборот на понудувачите што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки.

**Препорака:**
Стручните служби во министерството да изготват насоки во кои подетално ќе бидат опишани сите активности што комисијата за ЈН треба да ги спроведе во поглед на спроведување на постапки за јавни набавки согласно законските одредби.

**Вкупни ефекти од наодите**
Врз основа на изнесеното во точките 4.3.1 – 4.3.9 од овој извештај, кои се однесуваат на неевидентирана опрема, непресметана амортизација и ревалоризација на дел од нематеријалните средства, неправилно евидентирање на нематеријалните средства, необезбедени имотни листови, нецелосно и неправилно извршен попис, неевидентирање на залихата на резервни делови, необезбедена потврда за реалноста и објективноста за состојбата на обврските, како и евидентирање на расходи без да се изврши надзор и контрола на реализација на проектите, ревизијата не беше во можност да ги квантифицира ефектите врз финансиските извештаи на Министерството за животна средина и просторно планирање, сметка на основен буџет (637), но поради значајноста на утврдените слабости, ревизијата се воздржа од давање мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ден 31 декември 2012 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**
Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.3.1 - 4.3.9, ние не бевме во можност да добиеме соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Министерството за животна средина и просторно планирање, сметка на основен буџет (637), на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечата законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3 и 4.4 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за животна средина и просторно планирање, сметка на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

Во постапка за повеќегодишна јавна набавка министерството има склучено договор бр.111 на 12.05.2009 година за проектирање и изградба на пречистителни станици за комунални отпадни води (ПСОВ) во Ѓорче Петров н.м Волково. Проектот е финансиран од Владата на РМ преку МЖСПП како носител на истиот и со донација од Владата на Р. Словенија преку Центарот за Меѓународна соработка за Развој. Вредноста на проектот изнесува 5.841 илјади евра од кои 1.500 илјади евра се донација од Република Словенија, а рокот за реализација е 3 години.

Капацитетот на ПСОВ Волково е проектиран да ги прочистува отпадните, комунални води за 19.500 еквивалент жители. Со работењето на инсталацијата, во просторот каде истата се наоѓа, ќе се заштитат подземните води и почвата, од загадување и на директен, односно индиректен начин, водите во реките Лепенец и Вардар.

Од моментот на потпишување на договорот, до започнување на градежните работи на 06.12.2010 година, биле завршени сите потребни активности и работи околу изградбата на Идејните и основните проекти за ПСОВ Волково. Откако техничката документација била ревидирана и предадена кај надлежните служби во општина Ѓ. Петров од истите било издадено одобрение за градење.

При тоа, на барање на општината пристапниот пат до ПСОВ Волково добил нов статус, односно истиот требал да се проектира и реализира како Улица 2, според деталниот урбанистички план за предметниот простор. Оваа промена не е во согласност со договорот и истата предизвикала дополнителни, непредвидени проектантски активности и трошоци. Од прегледот на инфраструктурните трошоци, заедно со дополнителните работи за Улица 2, во споредба со трошоците утврдени според договорот за изградба на пристапен пат констатиравме дека трошоците за Улица 2 се за 330 илјади евра повеќе од вредноста на пристапниот пат утврдена во договорот.

Градбата заклучно со 26 август 2011 година се реализирала без застој така што градежниот и инфраструктурниот дел од ПСОВ Волково биле завршени во обем од 85 %. Во истиот период од изведувачот е нарачана, односно изработена техничко – технолошка опрема, и истата е готова во обем од 80%. Дел од опремата, 40% е транспортирана и складирана во објектот во градба контејнери – магацини, на локацијата од градилиштето.

Бидејќи, министерството не вршело навремено плаќање на времените ситуации, извршителот на 26.08.2011 година со допис до МЖСПП формално и фактички ја стопирал изградбата на ПСОВ за неопределен временски период, така што рокот за реализација на проектот (мај 2012 година) не бил испочитуван.

Од овие причини, на 17.05.2012 година е направен и потпишан Анекс бр.1 кон основниот договор со кој се пролонгира крајниот термин за 30 дена и Анекс бр.2 од 11.06.2012 година со важност во период од 5 месеци. И по истекот на рокот на важност на Анекс 2 работите не се завршени односно изведувачот не продолжил со работите. Исто така, поради неподмирените обврски од страна на министерството, изведувачот пресметал трошоци за изгубена добивка, за усладиштување, за обезбедување на објектот, за изнајмување на помошни објекти, огради и сл. за период од август 2011 година до февруари.2012 година во износ од 1.212 илјади евра.

Поради настанатите состојби, од страна на министерството преземени се активности во насока на решавање на спорните прашања но до денот на ревизијата истите не се решени и не е продолжено со реализација на проектот. На последниот состанок одржан на 18.01.2013 година на кои присуствувале претставници од МЖСПП, изведувачот, надзорот, општината Ѓ.Петров, МФ се дискутирало за начинот на обезбедување на средства за овој проект од МЖСПП, градот Скопје, општина Ѓ.Петров и од ЈП Водовод и канализација како и за изнаоѓање начин на решавање на спорните прашања но не биле донесени конкретни мерки ниту преземени активности за продолжување и целосна реализација на проектот.

Ревизијата укажува на тоа дека доколку во најкраток можен рок не се најде соодветно решение и не се постигне согласност околу одредени прашања, во насока на целосна реализација на проектот, можно е од страна на изведувачот да се побара раскинување на договорот според одредбите на член 102 и 103 од Договорот и соодветно обесштетување според член 95 и 98 од договорот, како и враќање на донацијата.

Поради исклучителната важност на проектот како и поради донираните средства од страна на Владата на Р.Словенија, министерството заедно со сите инволвирани страни треба да преземат поинтензивни активности за обезбедување на потребните финансиски средства и решавање на одредени спорни прашања, со цел завршување на проектот во што е можно пократок период.

Скопје, 22.08.2013 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1** | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 311.297 | 253.655 |
| **Вкупно приходи** | | **311.297** | **253.655** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2** | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 89.678 | 83.424 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 30.379 | 31.957 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3 | 2.609 | 3.235 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **122.666** | **118.616** |
| **Капитални расходи** | **3.3** | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 188.631 | 135.039 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **188.631** | **135.039** |
| **Вкупно расходи** | | **311.297** | **253.655** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 (во 000 денари) |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1** | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1 | 5 | 5 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.2 | 378 | 351 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3 | 366.365 | 461.920 |
| Залихи | 4.1.4 | 1.453 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **368.201** | **462.276** |
| **Постојани средства** | **4.2** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1 | 609 | 609 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2 | 7.427 | 0 |
| Материјални средства | 4.2.3 | 37.162 | 13.041 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.4 | 15.249 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **60.447** | **13.650** |
| **Вкупна актива** | | **428.648** | **475.926** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 21.142 | 47.247 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.2 | 9 | 12 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.3 | 2 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4 | 7.794 | 6.920 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5 | 353.050 | 408.097 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **381.997** | **462.276** |
| **Извори на средства** | **4.4** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 46.651 | 13.650 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **46.651** | **13.650** |
| **Вкупна пасива** | | **428.648** | **475.926** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | 13.650 | - | 13.650 |
| **Зголемување по основ на:** | **37.947** | **1.948** | **39.895** |
| Набавки | 5.606 | 31 | **5.637** |
| Превземање на постојани средства од ЈП за водостопанисување со Хидросистемот "Дојранско езеро" -Стар Дојран | 31.880 | | **31.880** |
| | | 1.453 | |
| Превземање резервни делови од ЈП за водостопанисување со Хидросистемот "Дојранско езеро" -Стар Дојран | | | |
| Превземањена ситен инвентар и материјали од ЈП за водостопанисување со Хидросистемот "Дојранско езеро" -Стар Дојран | | 464 | |
| Ревалоризација на капитални средства | 461 | | **461** |
| **Намалување по основ на:** | **6.399** | **495** | **6.894** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Издадени материјали и ситен инвентар | | 495 | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 6.399 | | **6.399** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **45.198** | **1.453** | **46.651** |

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 22-6518/2

Дата: 07. 8. 2013

Република Македонија
Министерство
за животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Телефон. (02) 3251 400
Фах. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До:
Државен завод за ревизија
ул.Македонија 12/3
1000 Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 09.08.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 33 | 206/9 | | |

Врска: Ваш бр. 33-206/8 од 11.07.2013 год.

Предмет:Забелешки на Нацрт извештаи

Почитувани,

Согласно Вашиот допис бр.33-206/8 од 11.07.2013 год. и член 30 став 2 од Законот за државната ревизија ("Службен весник на РМ" број 66/2010 и 145/2010), Министерството за животна средина и просторно планирање Ви доставува забелешки на Нацрт извештаите

-Сметка на основен буџет на РМ – 637

-Сметка на основен буџет на РМ – 631 и

-Сметка на буџет од самофинансирачки активности – 787.

Со почит,

Министер,
Abdilaqim Ademi

Изработил: Наташа Костојчиноска
Контролирал: Весна Петрушевска
Тодор Ѓорговски
Согласен : Државен секретар
Д-р Соња Лепиткова

Прилог: Анекс на Договор бр. 02-9738/5 од 18.11.2009 год.
-Коментар во врска со наодот за реализацијата на Рамковната спогодба бр.02-2757/15 од 30.05.2011 год.

ПРЕПОРАКИ ПО ИЗВЕШТАЈ ОД ДЗР ЗА СМЕТКА 637

| РЕД. БР. | НАОД | ПРЕПОРАКА | СТАТУС НА ПРЕПОРАКАТА |
|---|---|---|---|
| 4.1. ИНТЕРНИ КОНТРОЛИ | | | |
| 4.1.1. | Во МЖСПП во 2009 година е воспоставен систем за електронско евидентирање на работното време, меѓутоа истиот не е во функција подолг временски период кој ја опфаќа и цела 2012 година. И покрај ангажманот и контактите на задолжено лице од министерството со фирмата од која е набавен системот, истиот ниту е поправен, ниту пак министерството преземало мерки за спроведување на постапка за јавна набавка на нов систем или постапка за одржување на постојниот систем за електронска евиденција на работно време;<br>Во недостиг на електронска евиденција, редовноста на вработените се утврдува со евидентни листи за секој вработен, каде вработениот се потпишува при доаѓање и заминување од работа. Од листите неможе да се види реалното време на доаѓање и заминување од работа, бидејќи образецот евидентен лист е со отпечатено време на доаѓање 8:30 и време на заминување 16:30 и истите се без авторизација од раководното лице;<br>Листите за редовност на ниво на министерство ги изготвува самостоен референт во одделението за човечки ресурси врз основ на месечни прегледи на отсутни лица кои ги доставуваат | 1. Одговорните лица во министерството да преземат активности за отстранување на недостатоците на системот на електронска евиденција и врз основа на податоците од месечните електронски листи за редовност да се врши пресметка и исплата на плата за секој вработен.<br>2. Да се преземат мерки за назначување на лице во рамки на расположивиот кадар во министерството за контрола на листите за редовност, со што би се воспоставила контрола и би се разграничиле должностите и одговорностите при изготвување на истите.<br>3. Министерството да преземе активности за почитување на прецизно дефинираните работните должности и | 1. Во буџетот за 2014 година предвидени се финасиски средства за набавка на систем за електронско евидентирање на работното време.<br>2. По набавката на системот ќе биде назначено и лицето кое ќе ги контролира листите за редовност.<br>3. Отпочнати се активности за промена на систематизација та на работни места во МЖСПП и една од промените е и формирање на одделение за подршка на работата на министерот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | раководителите на сектори/одделенија и во недостиг на раководител на одделение за човечки ресурси или друго назначено лице истите се авторизирани само од министерот, без претходна контрола;<br>Во постојните интерни акти на министерството со кои се уредуваат начинот на организација, систематизација на вработените, кадровската екипираност, број на ангажирани извршители на работни задачи, ревизијата утврди дека за вршење на работи за потребите на министерот не е предвиден сектор за координација на работите на министерот. Во недостиг на сектор за координација на работите на министерот-кабинет, министерот со решение ангажира 9 лица од кои 5 државни службеници кои согласно систематизацијата и решенијата за распоредување на работно место се распоредени во различни сектори и 4 лица ангажирани по договор за дело, за кои воопшто не се води евиденција на присутност односно евиденција на работното време; | одговорности согласно актите за организација и систематизација на работни места. | |
| 4.1.2 | Во 2012 година доставени се 15 барања, а 5 од нив се одобрени и се склучени договори за кофинансирање во вкупен износ од 37.778 илјади денари. Иако има донесено Упатство бр.02-4715/1 од 25.10.2005 година за критериумите, начинот и постапката за доделување средства за финансирање и/или кофинансирање на програми, проекти и други | 1. Министерот да задолжи лица кои ќе преземат активности за објавување на Јавен оглас за финансирање/ко финансирање на проектите од областа на животната | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | слични активности во областа на заштита и унапредување на животната средина и природата како и формирано Комисија при министерството, постапката за доделување на средствата за финансирање/кофинансирање на програми, проекти и други слични активности во областа на заштита и унапредување на животната средина и природата започнува со доставување на барања од заинтересираните субјекти до МЖСПП без претходно објавен јавен оглас. Имајќи во предвид дека проектите од областа на животната средина се финансираат преку Програмата за инвестирање во животната средина од сметката на основен буџет – 631 со објавување на Јавен конкурс, ваквиот начин на доделување на средства укажува на нетранспарентност, ограничување на можноста за јавна информираност на сите субјекти да учествуваат во постапката на доделување на финансиските средства за оваа намена и нерамноправна положба на едни во однос на други субјекти. | средина. | |
| 4.2. УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНИ И ПРОЦЕСИ | | | |
| 4.2.1 | Министерството за животна средина и просторно планирање во текот на 2012 година исплатило средства во износ од 332 илјади денари за ангажирање на две лица по договор за дело (технички секретар на директорот на Управата за животна средина и лице за редовно одржување на системите во Јегуновце). | 1. МЖСПП по утврдување на реалните потреби за ангажирање на надворешни лица неопходни за постигнување на предвидените цели и задачи да преземе активности заедно | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ангажирање на лица преку формата договор за дело не е во согласност со член 619 од Законот за облигациони односи каде е уредено дека со договор за дело вршителот на работата се обврзува да изврши определена работа, како што е изработка или поправка на некој предмет или извршување на некоја физичка или интелектуална работа и слично, а нарачувачот се обврзува за тоа да му исплати надомест.<br>Исто така, ангажирањето на надворешни лица на ваков начин не е во согласност со одредбите од член 17 од Законот за извршување на буџетот за 2012 година, член 9 од Законот за државни службеници, член 4 од Законот за привремени вработувања и не обезбедува еднаквост, јавност и транспарентност при вработување согласно законските одредби. | со МИО и МФ за ангажирање на лица потребни за функционирање на министерството согласно законските прописи. | |
| 4.2.2 | По основ на склучен Договор за кофинансирање бр.02-9738/5 од 2009 година со општина Чаир за Изградба на водоводна мрежа во Тенеќе маало во износ од 4.999 илјади денари, исплатени се средства во вкупен износ од 4.831 илјада денари.<br>Во врска со реализацијата на договорот, извршивме споредбени анализи на доставените времени ситуации и Предмер пресметката на работите за водоводна мрежа како составен дел на договорот, при што констатиравме одредени отстапувања во количините за изградба на улица бр.1, односно | 1. Надлежните лица во министерството да преземат активности во насока на намалување на вредноста на договорот со цел сметководствено да се затвори финансиското плаќање на проектот. | Склучен Анекс (бр. 02-5194/1 од 04.06.2013 година) на договор бр. 02-9738/5 од 18.11.2009 за изградба на водоводна мрежа во Тенеќе маало – општина Чаир.<br>Анексот на Договорот следи во прилог. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | изведувачот вградил помали количини за 167 илјади денари од оние според Предмер пресметката. Поради нефункционирање на системот на интерни контроли, ваквите состојби не се констатирани ниту од надзорот ниту од лицето вработено во МЖСПП назначено за надзор и контрола, поради што министерството нема извршено намалување на вредноста на договорот што не е во согласност со член 12 од Законот и член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и може да има за ефект ненаменска и незаконска исплата на буџетски средства. | | |
| 4.2.3 | За проектот Мониторинг систем на реките во Македонија, МЖСПП и Управата за хидрометеоролошки работи во 2000 година склучиле Договор за соработка за воспоставување мониторинг систем и следење на состојбите со водите во реките на Р.Македонија .<br>Со договорот е предвидено МЖСПП на Управата да ја стави на располагање опремата и техничко технолошката помош, неопходни за спроведување на проектот, а по завршување на проектот опремата набавена за негова реализација да биде распоредена со посебен договор склучен помеѓу МЖСПП и Управата.<br>И покрај тоа што проектот е завршен во 2010 година, МЖСПП и Управата сеуште | 1. Одговорните лица во МЖСПП и УХРМ да продолжат со активностите за спроведување на пописот и да склучат договор за распоредување и примопредавање на опремата на трајно користење на УХРМ. | Комисијата која е формирана со Решение бр. 10705/2 од 20.04.2012 година го заврши пописот и примопредавањето на опремата. Во прилог следи одлуката за примопредавање на опремата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | немаат склучено посебен договор за распоредување на опремата. Во текот на извршувањето на ревизијата министерот има донесено Решение бр. 02-10705/2 од 29.04.2012 година врз основа на кое се формира комисија составена од претставници од МЖСПП и УХРМ, со цел да изврши попис и примопредавање на опремата добиена од проектот RAMSYS, финансиран од Владата на Швајцарија. Со извршување на пописот и склучување на договор за распоредување и приморедавање на опремата ќе се овозможи непречено извршување на активностите на хидролошкиот сектор при УХРМ, пред се во однос на потпишување на договори со производителот на опремата и на софтверот на автоматските станици или соодветен сервис за сервисирање на опремата и софтверот. | | |
| | **4.3 Финансиски извештаи**<br>**Биланс на приходи и расходи**<br>**Расходи** | | |
| 4.3.1 | Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на направените расходи за исплатени бруто плати во износ од 1.339 илјади денари за 5 државни службеници вработени во МЖСПП, поради неуверување дека истите се работно ангажирани во министерството и тоа:<br>- 1 самостоен референт за протоколарни | 1. Одговорното лице во министерството да преземе активности за утврдување на работното ангажирање на овие вработени и нивната присутност на работа, а доколку се утврди нивно неоправдано | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | работи со решение за распоредување на работно место од месец јануари 2011 година;<br>- 1 помлад референт за општи и административни работи со решение за распоредување на работно место од месец јули 2011 година;<br>- 1 самостоен референт за административни работи со решение за распоредување на работно место од месец ноември 2010 година;<br>- 1 помлад референт за евиденција со решение за распоредување на работно место од месец февруари 2012 година и<br>- 1 советник преведувач со решение за распоредување на работно место од месец февруари 2012 година,<br>Во недостиг на електронска евиденција на работното време, од страна на раководителите на | отсуство од работа да се преземат мерки за престанок на вработување согласно одредбите од Законот за државни службеници. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | секторите/одделенијата во кои по решение се распределени државните службеници, добивме писмено известување дека лицата работно не се ангажирани во нивните сектори/одделенија, не се евидентирани во списоците за присутност, не се оценувани од нивна страна и немаат поднесено барање за годишен одмор. На барање на раководителите на секторите/одделенијата во кои се распределени овие државни службеници, усно се информирани дека четири од нив се работно ангажирани во кабинетот на министерот. Според решението за ангажирање на лица во кабинетот на министерот, со работни задолженија се распоредени 9 лица, во кои не спаѓаат и претходно споменатите.<br>Ваквиот начин на исплата на плати е спротивен на член 82 од Законот за работни односи, член 29-а, член 77 и член 81-г од Законот за државни службеници што може да има за ефект незаконско и ненаменско трошење на буџетски средства. | | |
| 4.3.2 | Врз основ на Одлука донесена од страна на Владата на РМ број 41-2447/1 од 17.04.2012 година за распределба на средства остварени по основ на надоместокот за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2012 година, МЖСПП има склучено договори со десет општини за доделување на финансиски средства на програми и | 1. Да се пресмета амортизација и ревалоризација на софтверот за трезорско работење и да се изврши отпис на нематеријалните средства кои се надвор од употреба и повеќе не се во функција. | 1. Со завршната сметка за 2013 година ќе се пресмета амортизација и ревалоризација на софтверот за трезорско работење и ќе се отпишат нематеријалните средства кои се надвор од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | активности за управување со животната средина во однос на влијанијата од енергетскиот сектор. Со извршениот увид во целокупната документација, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на исплатените средства во вкупен износ од 34.794 илјади денари од причина што лицата кои се задолжени од министерството за вршење надзор и контрола немаат извршено увид во реализација на работите пред започнување на проектот или во текот на извршувањето на истиот што не е во согласно со член 9 од склучените договори и има за ефект зголемување на ризикот во поглед на законското и наменското трошење на доделените финансиски средства.<br><br>Коментар по точка 4.3.2<br><br>Средствата од фосилни горива се доделуваат на општините секоја година врз основа на Одлука за распеделба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините , а висината на средствата е утврдена согласно Уредбата за методологија за распределба на средствата остварени како приход од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива Службен весник на РМ бр. 15/2008, а од тоа произлегува дека општините однапред знаат дека секоја наредна година ќе добијат средства по овој основ , така да | 2. Одговорните лица во министерството да извршат сметководствено евидентирање на патничките возилата во согласно со одлуките донесени од Владата на РМ, на двете автоматски мониторинг станици за квалитет на амбиентен воздух, на недвижниот имот за кои постои имотен лист како доказ за сопстевност и да извршат усогласување на книгата на основни средства со сметководствената евиденција на постојаните средства.<br><br>3. Министерството да превземе активности за запишување на правото на користење на недвижниот имот во АКН и обезбедување на имотни листови за нивно сметководствено евидентирање, како и регулирање на сопственичкиот статус на | употреба.<br>2. По завршувањето на вонредниот попис ќе бидат сметководствено евидентирани патничките возила, двете автоматски мониторинг станициза квалитет на амбиентален воздух, на недвижниот имот и ќе се усогласат книгата на основни средства со сметководствената евиденција на постојаните средства.<br>3. По завршување на вонредниот попис ќе се превземат активности за обезбедување на имотни листови од АКН, и регулирање на сопственичкиот статус на опремата (брод и лабараторија).<br>4. По заршување на вонредниот попис цевководот ќе се евидентира на позизијата на материјални средства.<br>5. Со завршната сметка за 2013 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | и унапред ги планираат средствата во реализацијата на своите Програми за работа за наредна година, а тоа значи дека средствата можат да ги планираат и за реализација на веќе започнати проекти за кои имаат недостаток на средства за нивна дореализација ( што е и најчест случај). Одтука е неможно лицето задолжено за контрола од страна на МЖСПП да биде викнато на увид пред започнување на проектот или во текот на проектот, ниту пак согласно член 9 од договорот има таква обврска . Министерството се обезбедува со целокупната документација која ја бара во член 8 од договорот , без кој нема да изврши исплата, а член 11 предвидува исплатата да се изврши директно на изведувачот што укажува на фактот дека средствата ќе се исплатат исклучиво за тој проект , за кој министерстото има склучено договор, а согласно член 14 општината ја има целата одговорност во реализацијата на договорот. | опремата (брод лабораторија и патничко возило) со цел избегнување на двојно евидентирање на иста опрема кај два различни субјекти.<br><br>4. Од страна на министерството да се превземат активности за отстранување на забелешките утврдени во записникот од комисијата за технички прием и обезбедување на Одобрение за употреба на цевководот за негово евидентирање на позицијата Материјални средства.<br>5. МЖСПП да достави податоци до МФ за вкупната сметководствена вредност за движните ствари што ги користи. | година ќе се испрати до МФ вкупната сметководствена вредност на движните ствари. |
| 4.3.3. | МЖСПП има склучено Договор за кофинансирање бр.02-4342/5 од 29.04.2011 година со општина Осломеј за Изградба на фекална канализација за с.Стрелци и с.Гарани. Вкупната вредност за реализација на проектот изнесува 26.459 илјади | | Завршна или Деветa времена ситуација е доставена до Општина Кичево (пред новата децентрализација општина Осломеј) за исплата. Работите на терен сеуште не се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | денари, а МЖСПП учествува со 3.000 илјади денари, согласно предмер пресметката за Анексот на непредвидени и дополнителни работи.<br>Со извршениот увид во целокупната документација ревизијата ги констатира следниве неправилности:<br>Лицето од МЖСПП назначено за вршење надзор и контрола на реализација на работите кои се предмет на овој договор нема направено теренски увид пред започнување на работите. Поради тоа, во извештајот од извршениот надзор дадени се само општи констатации кои се базирани на укажувањата на изведувачот, но не и фактичката состојба на терен која ќе ја потврди веродостојноста на времената ситуација;<br>Со извршените споредбени анализи утврдивме дека изведувачот во изведените дополнителни работи вградил помали количини од оние искажани во Анекс кон договорот, односно количините кои се наведени во времената ситуација не соодветствуваат со оние од Анекс кон договорот и со градежната книга. Поради вградувањето на помали количини од оние утврдени во Анекс договорот, вредноста на дополнителните работи во времената ситуација изнесува 2.018 илјади денари, но МЖСПП исплатило 3.000 илјади денари, односно 982 илјади денари се исплатени за работи кои не се составен дел на договорот.<br>Неизвршениот увид во фактичката состојба на терен | | комплетно завршени и општина Кичево не ја исплаќа ситуацијата завршна, се додека не се завршат работите во целост. Со исплата на последната девета ситуација се затвара и финансиската конструкција на преоктот. Сумата од 982 илјади денари се исплатени завршени работи од деветата времена ситуација. Со ова сакаме да кажеме дека сумата од 982 илјади денари е потрошена за дозатварање на финансиската конструкција на овој проект. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | од страна на лицето назначено за надзор и контрола и неусогласеноста на количините наведени во Анекс договорот, времената ситуација и градежната книга не се во согласност со член 3 и 12 од Договорот за кофинансирање помеѓу министерството и општината, член 12 од Законот и член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и укажуваат на нефункционирање на системот на интерни контроли. Поради овие причини, ревизијата не се увери во објективноста и реалноста на направените расходи во износ од 3.000 илјади денари, односно не доби уверување дека работите наведени во времената ситуација се квалитетно и во целост реализирани од страна на изведувачот согласно договорот. | | |
| 4.3.4 | На 22.11.2010 година министерството склучило Договор бр.02-5084/19 за изградба на пречистителна станица за отпадни води од селата Глумово и Шишево во вкупна вредност од 44.324 илјади денари. До денот на ревизијата исплатени се средства во износ од 34.801 илјади денари, од кои во 2012 година 25.999 илјади денари.<br>Со извршениот увид констатиравме дека третата и четвртата времена ситуација, градежниот дневник и градежната книга иако се одобрени од надзорниот орган, не се одобрени од страна на лицето назначено | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | како координатор на проектот од МЖСПП бидејќи се констатирани разлики помеѓу позициите во времените ситуации и фактичката состојба на терен. Иако, нема Извештај од надлежното лице од МЖСПП и согласност за исплата, исплатени се средства по третата времена ситуација во вкупен износ од 19.189 илјади денари (во 2012 година 16.307 илјади денари, а 2.802 илјади денари во 2013 година).<br>Од Извештајот за направениот повторен увид на 16.01.2013 година констатирано е дека се уште постојат разлики во степенот на оствареното, односно постои разлика во градежната документација и реализиранаата фактичка состојба на градежните објекти од предметниот проект.<br>Како резултат на нефункционирање на системот на интерни контроли, наведените состојби не се во согласност со член 12 од Законот, член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 63-65 од Договорот и не даваат уверување во реалноста и објективноста на направените расходи во износ од 19.109 илјади денари односно дека истите соодветствуваат на фактички извршените работи. | | |
| 4.3.5 | Министерството има склучено Рамковна спогодба бр.02-2757/15 од 30.05.2011 година во износ од 122.997 илјади денари за проектирање и изградба на филтерска | | Министерств ото има склучено договор со Градежен факултет од Скопје за вршење на стручен,технички и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | станица на системот за водоснабдување во Гостивар. Според член 12 од Договорот, проектирањето и изградбата ќе биде поделена на делници и за секоја од нив ќе бидат склучувани посебни договори. На 05.03.2012 година склучен е Анекс бр.2 - Договор со кој изведувачот се обврзува да изведе дел од работите на филтерската станица и набавка на опрема согласно доставената предмер пресметка која е составен дел на овој договор во вкупен износ од 12.055 илјади денари и по доставените времени ситуации исплатени се 12.055 илјади денари. Од извештајот за извршениот надзор за изведување на работите, ревизијата констатира дека лицето од МЖСПП назначено за вршење надзор и контрола на реализација на работите кои се предмет на овој договор нема направено теренски увид, туку извештајот го има подготвено само врз основа на извршениот увид во доставената документација, што не е во согласност со работите што му се определени со Овластувањето, со член 12 од Законот и член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на работа укажува на нефункционирање на системот на интерни контроли, поради што ревизијата не се увери во објективноста и реалноста на направените расходи во износ од 12.055 илјади денари, односно не доби уверување дека работите наведени во | | квалитетен надзор при реализација на проектот.<br>Во член 6 од овој Договор обрски на извршителот меѓу другите е и редовно да ги заверува градежниот дневник и градежната книга за количество на изведени работи, месечни (времени) пресметковни и завршни ситуации. Во прилог е доставено и поконкретно образложение. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | времените ситуации се квалитетно и во целост реализирани од страна на изведувачот. | | |
| 4.3.6 | Фондот за води во 2008 година има склучено Договор бр. 03-833/1 од 27.05.2008 година со општина Дебар за доделување на финансиски средства во износ од 6.000 илјади денари за уредување на речното корито на река Речиште во Долно Косоврасти. На 22.12.2009 година од страна на изведувачот доставена е Втора времена ситуација за извршените работи во износ од 1.239 илјади денари, а на 14.01.2010 година извршен е теренски увид на овластеното лице од Фондот за води при што иако времената ситуација е одобрена од надзорниот орган, констатирани се низа неправилности односно утврдено е дека изведените работи не соодветствуваат со Проектот и дека е потребно да се изврши повторно снимање на речното корито за утврдување на фактичката состојба. По извршеното повторно снимање на речното корито, на 03.09.2010 година и направениот теренски увид констатирано е дека неправилностите не се отстранети, така што во однос на доставената втора ситуација и изведените работи на терен по укажување на овластеното лице Фондот за води исплаќа 336 илјади денари.<br>Бидејќи, од 01.01.2011 година Фондот за води е укинат а вработените и обврските ги превзема МЖСПП, од стручните служби во | | Коментар по точка 4.3.6 Бидејки Министерството за животна средина и просторно планирање ги има наследено договорите од Фондот за води , исплатата ја врши врз основа на потврдени ситуации од Надзорен орган кој е овластен со лиценца за вршење на надзор , и кој сноси кривична одговорност доколку потврдува ситуации кои не се изведени од страна на изведувачот , како и од општината која е директен корисник на реализираниот проект. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | министерството повторно е разгледана доставената документација и во Информацијата за извршената анализа на договори од Фондот за води и обезбедување на средства за реализација на договори е констатирано дека рокот за реализација на договорот е изминат и истиот треба да се раскине.<br>Во 2012 година, општината доставила известување кое е верифицирано од надзорниот орган дека работите се завршени, по што МЖСПП ги презема обврските и врши исплата на средства во износ од 904 илјади денари, иако лицето кое е одговорно за надзор и контрола на проектот нема извршено повторен увид на терен за утврдување на фактичката состојба. Имајќи во предвид дека иако времената ситуација е одобрена од надзорниот орган а сепак се констатирани одредени неправилности од страна на лицето надлежно за надзор и контрола, не ни дава уверување дека работите за кои е извршена исплатата се во целост завршени.<br>Наведените состојби не се во согласност со член 12 од Законот и член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и укажуваат на необезбеден систем на интерни контроли кои не даваат уверување во реалноста и објективноста на направените расходи. | | |
| 4.3.7 | Со извршениот увид во сметководствената евиденција на постојаните средства ревизијата ги | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | констатира следниве неправилности:<br>Не е пресметана амортизација и ревалоризација на софтвер за трезорско работење набавен во 2008 година во износ од 106 илјади денари;<br>На позицијата нематеријални средства евидентирани се годишни лиценци за антивирусни софтвери во износ од 503 илјади денари кои се со важност од една година и истите веќе не се во функција;<br>Во книгата на основни средства не е извршено целосно евидентирање на нематеријалните средства и земјиштето, опремата и средствата превземени од ЈП за водостопанисување со Хидросистемот "Дојранско езеро" - Стар Дојран, поради што состојбата искажана во сметководствена евиденција на постојаните средства на ден 31.12.2012 година е поголема за 25.061 илјада денари во однос на состојбата искажана во книгата на основни средства;<br><br>Не се преземени активности за надминување на слабостите утврдени во ревизорскиот извештај за 2007 година, а кои се однесуваат на опремата (брод лабораторија - Лехмарк и патничко возило марка Форд) добиена од донации. Овие средства во исто време се водат и во сметководствената евиденција на МЖСПП и ЈНУ | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Хидробиолошки завод Охрид поради нерегулиран сопственички статус што има за ефект двојно евидентирање на иста опрема кај два различни субјекти;<br><br>Со извршен увид во деловните книги на МЖСПП ревизијата констатира дека одговорните лица во министерството немаат извршено сметководствено евидентирање на патничките моторни возила кои согласно Одлуките донесени од Владата на РМ во 2009, 2011 и 2012 година се преотстапени и дадени на трајно користење на министерството, а додека возилата кои се дадени на користење од МЖСПП на други државни органи и понатаму се водат во сметководствената евиденција што има за ефект неусогласување на сметководствената и фактичката состојба и неможност од утврдување на точниот број на возила кои го сочинуваат возниот парк на министерството.<br><br>На позицијата Материјални средства во подготовка на ден 31.12.2012 година евидентирани се 15.249 илјади денари кои се однесуваат на цевковод за полнење на Дојранско езеро и истиот е превземен од страна на МЖСПП согласно Одлуката бр. 41-798/1 од | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 07.02.2012 година за престанок на важење на одлуката за основање ЈП за водостопанисување со Хидросистемот "Дојранско езеро" - Стар Дојран. Иако цевководот е изграден во 2002 година и е во функција, за истиот износ не е извршено зголемување на позицијата Материјални средства од причини што нема технички прием односно не е издадено Одобрение за употреба од страна на надлежните органи.<br>Од страна на МТВ формирана е комисија за технички прием која со записник бр. 02-721/1 од 16.10.2008 година констатирала забелешки од техничкиот преглед и дала предлог за нивно отстранување за да се овозможи издавање на Одобрение за употреба. До денот на ревизијата не се превземени активности за нивно отстранување.<br>Врз основа на Одлуки донесени од страна на Владата на РМ, на МЖСПП му е пренесено правото на користење на недвижен имот - барака со вкупна површина од 548м2 и административен простор со површина од 3.694 м2. Од страна на одговорните лица во министерството не се превземени активности за упишување на правото на користење во Агенцијата за катастар на недвижности со цел обезбедување на имотни листови врз основа на кои ќе се изврши сметководствено евидентирање на имот со кој располага министерството.<br>Во деловните книги на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | МЖСПП не е извршено сметководствено евидентирање на недвижен имот - објект од 250м2 и двор од 770м2 во Битола и на две автоматски мониторинг станици за квалитет на амбиентен воздух кои се набавени во рамките на проектот ,,Зајакнување на капацитетите на локално и централно ниво за управување на животната средина" со вкупна вредност од 329 илјади евра.<br>МЖСПП нема доставено податоци до МФ за вкупната сметководствена вредност на движните ствари кои ги користи со состојба на ден 31 декември во тековната година што не е во согласност со член 90 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и има за ефект нереално и необјективно искажување на вкупната вредност на движните ствари со кои располага РМ.<br>Наведените состојби не се во согласност со член 19 и 22 од Законот и член 7 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 90 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и резултира со нереално и необјективно прикажување на позицијата на Материјални средства и Државниот јавен капитал во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година. | | |
| 4.3.8 | Пописот на средствата и | 1. Одговорното лице | Во септември 2013 ќе се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | изворите на средства со состојба на ден 31 декември 2012 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 21 од Законот и член 29-35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, од следниве причини:<br>Пописната комисија нема извршено внесување на сметководствената материјална состојба на средствата во пописните листи, утврдување на материјалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба, вредносно пресметување на утврдените материјални разлики, ниту пак е извршено усогласување на фактичката со сметководствената состојба;<br>Во текот на вршење на попис, пописната комисија извршила бележење на основните средства со нови инвентарни броеви кои не се идентични со инвентарните броеви под кои се водат средствата во програмот за основни средства;<br>Еден месец по донесување на Одлуката за усвојување на извештајот за извршен попис во кој не е констатирано расходување на опремата, од страна на пописната комисија донесена е Предлог листа за отпис на информатичка опрема бр. 02-1300/3 од 01.03.2013 година. Со оглед дека основните средства во | на министерството да преземе активности и мерки за спроведување на пописот на начин предвиден со законските одредби. | формира комисија за вршење на вонреден попис. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | листата не содржат вредносни показатели истите сметководствено не се расходувани;<br>Пописната комисија нема извршено попис на седумнаесет автоматски мониторинг станици за квалитет на амбиентен воздух, мобилните телефони и на пет подрачни единици на ДИЖС (Куманово, Гостивар, Охрид, Пробиштип и Кавадарци), додека пописот на опремата во ПЕ (Битола, Тетово, Велес, Штип, Гевгелија и Струмица) е извршен на крајот на месец февруари 2013 година без да бидат наведени причините за пролонгирање на рокот определен во Решението бр. 02-11825/1 од 14.12.2012 година за вршење на редовен целосен попис на средствата и нивните извори во МЖСПП;<br>Пописната комисија не извршила проверка и потврдување на реалноста на искажаните обврски, не ја утврдила правната основа за постоење на истите, не потврдила дека обврските се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција и не ги утврдила причините за неизмирените обврски.<br>Поради нецелосно и неправилно извршениот попис ревизијата не доби соодветни ревизорски докази за да се увери во реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | состојба на ден 31.12.2012 година. | | |
| 4.3.9 | Во делот на евиденција на набавката и издавањето на резервните делови и ситниот инвентар во МЖСПП, ревизијата ги констатира следниве недоследности:<br>Врз основа на договор бр. 02-3151/12 од 26.06.2012 година извршена е набавка на резервни делови за потребите на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух во вкупен износ од 2.000 илјади денари без да се изврши сметководствено евидентирање преку соодветните сметки на залихи на резервни делови и останат капитал, ниту пак се води материјално задолжување и раздолжување на истите;<br><br>МЖСПП нема пропишани соодветни политики за начинот на материјално евидентирање и издавање на ситниот инвентар во употреба (актовки, заштитна опрема за работа, мобилни телефони итн.) со искажување на промените преку материјални картици за секое средство посебно и задолжување на лицата со реверси за дадениот ситен инвентар со што би се обезбедил увид во состојбата и движењето на средствата со кои се задолжени вработените и би се намалил ризикот од неправилна и нерационална | 1. Одговорниот сметководител да воведе сметководствена евиденција на залихите на резервни делови, преку соодветните сметки од сметковниот план, а министерот да одреди лице кое ќе биде одговорно за материјално задолжување и раздолжување на истите. | 1. Со завршната сметка за 2013 година ќе биде воведена сметководсвена ефиденција на залихите на резервни делови. Ќе се номинира лице кое ќе биде одговорно за материјалното задолжување и раздолжување. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | употреба на ситниот инвентар.<br><br>Ваквите состојби не се во согласност со член 6 од Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и имаат за ефект нереално и необјективно искажување на позицијата Залихи и позицијата Останат капитал во БС со состојба на ден 31.12.2012 година | | |
| 4.4. КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА СОГЛАСНО ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ | | | |
| 4.4.1 | Склучен е Договор бр. 02-7164/12 од 19.10.2011 година за воспоставување на документиран систем за управување со квалитет согласно барањето на меѓународниот стандард ISO 9001:2008 во МЖСПП.<br>По тој основ во 2012 година исплатени се буџетски средства во износ од 295 илјади денари за услуги кои ни до денот на ревизијата не се целосно извршени, што не е во согласност со член 6 од Договорот склучен помеѓу договорните страни, кој го регулира начинот и рокот на плаќање, во кој е предвидено плаќањето на вредноста да се изврши по извршување на услугата, дефинирана во техничката спецификација и предавање на материјалот од извршената обука во електронска и печатена форма и член 7 од Договорот во кој е регулирано понудувачот да достави методологија за имплементација на Системот за Управување со квалитет, што има за ефект незаконско и ненаменско трошење на | 1. Одговорното лице во министерството да превземе мерки за почитување на одредбите од склучените договори. | Се превземаат активности за целосна реализација на услугите по Договорот бр. 7164/12 од 19.19.2011 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | средствата од буџетот. | | |
| 4.4.2 | Во текот на 2012 година, МЖСПП извршило набавка на гориво и моторни масла во вкупен износ од 6.057 илјади денари без да спроведе постапка за јавна набавка што не е во согласност со член 3 точка 3 и 22 од Законот за јавни набавки. Непочитувањето на Законот за јавни набавки не обезбедува транспарентност, фер конкуренција и објективност при изборот на понудувачите што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки. | 1. Стручните служби во министерството да изготват насоки во кои подетално ќе бидат опишани сите активности што комисијата за ЈН треба да ги спроведе во поглед на спроведување на постапки за јавни набавки согласно законските одредби. | Започнато е со подготовка на интерната процедура за спроведување на постапки за јавни набавки. |

**КОМЕНТАР**
**во врска со наодот на Овластен државен ревизор**
**за реализација на Проектот**

**Проектирање и изградба на филтерска станица на системот за водоснабдување во Гостивар**

Во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор во точка 4.3.5 даден е следниот навод:

"4.3.5 Министерството има склучено Рамковна спогодба бр.02-2757/15 од 30.05.2011 година во износ од 122.997 илјади денари за проектирање и изградба на филтерска станица на системот за водоснабдување во Гостивар. Според член 12 од Договорот, проектирањето и изградбата ќе биде поделена на делници и за секоја од нив ќе бидат склучувани посебни договори. На 05.03.2012 година склучен е Анекс бр.2 - Договор со кој изведувачот се обврзува да изведе дел од работите на филтерската станица и набавка на опрема согласно доставената предмер пресметка која е составен дел на овој договор во вкупен износ од 12.055 илјади денари и по доставените времени ситуации исплатени се 12.055 илјади денари. Од извештајот за извршениот надзор за изведување на работите, ревизијата констатира дека лицето од МЖСПП назначено за вршење надзор и контрола на реализација на работите кои се предмет на овој договор **нема направено теренски увид**, туку извештајот го има подготвено само врз основа на извршениот увид во доставената документација, што не е во согласност со работите што му се определени со Овластувањето, со член 61 од Договорот, член 12 од Законот и член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на работа укажува на нефункционирање на системот на интерни контроли, поради што ревизијата не се увери во објективноста и реалноста на направените расходи во износ од 12.055 илјади денари, односно не доби уверување дека работите наведени во времените ситуации се квалитетно и во целост реализирани од страна на изведувачот."

По однос на цитираниот навод од Овластениот државен ревизор го давам следниот коментар:

Точна е констатацијата дека Министерството има склучено Рамковна спогодба бр.02-2757/15 од 30.05.2011 година во износ од 122.997 илјади денари за проектирање и изградба на филтерска станица на системот за водоснабдување во Гостивар, дека според член 12 од Договорот, проектирањето и изградбата ќе биде поделена на делници и за секоја од нив ќе бидат склучувани посебни договори и дека на 05.03.2012 година склучен е Анекс бр.2 - Договор со кој изведувачот се обврзува да изведе дел од работите на филтерската станица и набавка на опрема согласно доставената предмер пресметка која е составен дел на овој договор во вкупен износ од 12.055 илјади денари и по доставените времени ситуации исплатени се 12.055 илјади денари.

Во оваа прилика напоменувам дека Овластениот државен ревизор го нема цитирано и договорот што го има склучено Министерството со Градежен факултет од Скопје за вршење на стручен, технички и квалитативен надзор при реализација

на Проектот - Проектирање и изградба на филтерска станица на системот за водоснабдување во Гостивар.

Имено согласно член 6 од овој Договор, обврски на извршителот се:

- редовно, совесно и стручно го извршува инвеститорскиот надзор, согласно правилата на струката и Законот за изградба на инвестициони објекти;
- редовно ги следи и контролира предметните работи во поглед на квалитетот и квантитетот, согласно проектната документација и динамичкиот план на работите;
- редовно да ги заверува гадежниот дневник и **градежната книга за количеството на изведени работи, месечните (времените) пресметковни и завршната ситуациа;**
- надзорот да го врши преку свои работници, овластени за ваков вид на работи, за чие име веднаш ќе го извести нарачувачот.

Исто така напоменувам дека согласно член 6 од Правилник за формата, содржината и начинот на водење на градежен дневник и градежна книга, донесен врз основ на Законот за градење, цитирам "Градежната книга содржи периодични податоци за изведените работи по: количини, видот на материјалите, градежни производи и опрема **кои се вградени во градбата** и се основ за изготвување на времена ситуација – финансиски документ во кој се прикажуваат изведените работи по единечна цена, единечна мерка – количина и вкупна цена по позиции."

Што се однесува на констатацијата на ревизијата, **дека лицето од МЖСПП назначено за вршење надзор и контрола на реализација на работите** кои се предмет на овој договор **нема направено теренски увид**, туку извештајот го има подготвено само врз основа на извршениот увид во доставената документација,што не е во согласност со работите што му се определени со Овластувањето, со член 61 од Договорот, член 12 од Законот и член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и дека ваквиот начин на работа укажува на нефункционирање на системот на интерни контроли, поради што ревизијата не се увери во објективноста и реалноста на направените расходи во износ од 12.055 илјади денари, односно **дека ревизијата не доби уверување дека работите наведени во времените ситуации се квалитетно и во целост реализирани од страна на изведувачот,** истата **не е во ред** имајќи ги пред вид овластувањата на лиценцираниот извршител за вршење на стручен, технички и квалитативен надзор согласно договорот за надзор (редовно да ги **заверува** гадежниот дневник и **градежната книга за количеството на изведени работи, месечните - времените пресметковни и завршната ситуација** кои се изготвуваат согласно цитираниот Правилникот донесен врз основ на Законот за градење со што **се потврдуваат изведените работи по количини, видот на материјалите, градежни производи и опрема дека се вградени во градбата.** Уште повеќе со теренски увид не може да се изврши контрола на вградени материјали и изведени позиции ситуирани во доставена времена ситуација, кои во момент на теренски увид не се видливи (изведени и затрупани под земја темели, вградена арматура во бетонски конструктивни елементи, набавка на опрема која покасно ќе се вградува ...). Тоа е обврска на овластените лица вработени кај лиценцирано правно лицето за вршење на стручен, технички и квалитативен надзор.

Во оваа прилика напоменувам дека лицето од МЖСПП овластено да врши инвеститорски надзор при реализација на проектот, изготвува Извештај за реализација на проектот врз основ на извршен **увид** во доставена документација (оверена времена ситуација и оверени градежни книги од страна на лицето за вршење на стручен, технички и квалитативен надзор), **увид** во другата инвестиционо техничка документација (Рамковна спогодба, Анекс договори, проектна документација), што е во согласност со Овластувањето за вршење на работи од точка 5 (да изврши увид на реализацијата на проектот), без обврска за правење на теренски увид/увиди на секоја доставена времена ситуација за извршени градежни позиции при градење на објектот.

Во врска со констатацијата дека изготвувањето на Извештај за реализација на проектот од овластеното лице во МЖСПП не е во согласност со член 61 од Договорот (Рамковна спогодба), **напоменувам** дека одредбите од цитираниот член 61 од Рамковната спогодба се облигаторни (МЖСПП-изведувач) со кој изведувачот се известува дека надзор над извршување на работите ќе се врши од страна на **лиценцирано правно лице** за вршење на стручен, технички и квалитативен надзор (Градежен факултет Скопје преку овластени извршител), односно истите **не се однесуваат** на овластеното лице од МЖСПП.

Имајќи го пред вид погоре изнесеното, по мое мислење, наодот на овластениот државен ревизор во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор во точка 4.3.5 **не би требало да постои** во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Скопје
03.06.2013 год

Изготвил
Манчевски Љупчо, дги

# ОДГОВОР

## на забелешките по Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

Министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање, на ден 09.08.2013 година достави Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година за сметката на основен буџет (637) заведени во Државниот завод за ревизија под број 33-206/9 од 09.08.2013 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Забелешката на наодот од точката **4.1.1**. од Нацрт извештајот, која се однесува на неправилниот начин на евиденција и контрола на работното време на вработените, односно невоспоставениот систем на интерни контроли кај процесот на плати **претставува известување** за активностите кои ќе бидат преземени во иднина за спроведување на дадените препораки.

2. Забелешката на наодот од точката **4.2.2** од Нацрт извештајот, која се однесува на констатираните отстапувања помеѓу времените ситуации и Предмер пресметката како составен дел на Договорот за кофинансирање со општина Чаир за изградба на водоводна мрежа во Тенеќе маало **претставува известување** за преземени мерки во 2013 година за спроведување на дадената препорака. Склучен е Анекс бр.02-5194/1 од 04.06.2013 година на Договорот бр. 02-9738/5 од 18.11.2009 со што е намалена вредноста на договорот за неизвршениот дел од работите.
   Поради наведеното во наодот се додава нов пасус кој е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:
   „По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на одговорното лице на МЖСПП преземени се мерки и на 04.06.2013 година склучен е Анекс бр.02-5194/1 од 04.06..2013 година на Договорот бр. 02-9738/5 од 18.11.2009 со што е намалена вредноста на договорот за неизвршениот дел од работите.„

3. Забелешката на наодот од точката **4.2.3** од Нацрт извештајот, која се однесува на непреотстапената опрема на УХРМ, набавена за проектот Мониторинг систем на реките во Македонија **претставува известување** дека во текот на 2013 година комисијата го извршила пописот и извршила примопредавање на опремата за што не се доставени дополнителни докази со кои ќе се промени утврдената состојба од страна на ревизијата.

4. Забелешката на наодот од точката **4.3.2** од Нацрт извештајот која се однесува на исплатените средства по основ на склучени договори со општините за програми и активности за управување со животната средина во однос на влијанијата од енергетскиот сектор без да се изврши увид во реализацијата на работите пред започнување на проектот или во текот на извршување на истиот од страна на лицата кои се задолжени од министерството за надзор и контрола, **не се прифаќа** од причина што министерството се повикува на другите одредби од договорите кои ревизијата ги имаше во предвид, но не ја оспорува констатираната состојба на непочитување на член 9 од истите.

5. Забелешката на наодот од точката **4.3.3** од Нацрт извештајот, која се однесува на неизвршениот увид во фактичката состојба на терен на лицето назначено за надзор и контрола и неусогласеноста на количините наведени во Анекс договорот, времената ситуација и градежната книга за проектот Изградба на фекална канализација за с.Стрелци и с.Гарани кој се финансира преку Договор за кофинансирање меѓу општината и министерството, **не се прифаќа** поради недоставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатацијата во наодот и воедно претставува потврда на утврдената состојба од страна на ревизијата. Во забелешката е наведено дека министерството исплатило 3.000 илјади денари од кои 982 илјади денари се за затворање на финансиската конструкција на проектот, состојба која е веќе констатирана во наодот, но паради вградување на помали количини од оние искажани во Анекс кон договорот, 982 илјади денари се исплатени за работи кои не се составен дел на договорот, што не е согласно член 3 и 12 од Договорот за кофинансирање.

6. Забелешката на наодот од точката **4.3.5** од Нацрт извештајот, која се однесува на неизвршениот увид во фактичката состојба на терен на лицето назначено за надзор и контрола за проектот Изградба на филтерска станица на системот за водоснабдување во Гостивар, **не се прифаќа** поради недоставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатацијата во наодот и воедно претставува потврда на утврдената состојба од страна на ревизијата. Во забелешката е наведено дека министерството има склучено договор со Градежен факултет – Скопје за вршење на стручен, технички и квалитативен надзор при реализација на проектот, состојба која ревизијата ја имаше во предвид, но не ја оспорува констатираната состојба на непочитување, односно неизвршување на работите определени со Овластувањето на лицето назначено за надзор и контрола за проектот од министерството.

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________ __________________________
2. ________________
3. ________________
4. ________________

7. Забелешката на наодот од точката **4.3.6** од Нацрт извештајот, која се однесува на исплатени средства по однос на обврски преземени од Фондот за води за уредување на речното корито на река Речиште во Долно Косоврасти, иако се констатирани одредени неправилности од страна на лицето надлежно за надзор и контрола **не се прифаќа** поради недоставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатацијата во наодот. Во забелешката министерството се повикува на одговорноста што ја има надзорниот орган но не го оспорува фактот дека и покрај утврдените неправилности од лицето назначено за надзор и контрола е извршена исплата.

8. Забелешката на наодот од точката **4.3.7** од Нацрт извештајот, која се однесува на неевидентиран дел од опремата, неправилно евидентирани нематеријални средства, необезбедени имотни листи, за дел од нематеријалните средства непресметана амортизација и ревалоризација, **претставува известување** за активностите кои ќе бидат преземени во иднина за спроведување на дадените препораки.

9. Забелешката на наодот од точката **4.3.8** од Нацрт извештајот, која се однесува на нецелосно и неправилно извршен попис на средствата и изворите на средства **претставува известување** за активностите кои ќе бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака.

10. Забелешката на наодот од точката **4.3.9** од Нацрт извештајот, која се однесува на сметководствено неевидентирање на залихата на резервни делови **претставува известување** за активностите кои ќе бидат преземени во иднина за спроведување на дадените препораки.

11. Забелешката на наодот од точката **4.4.1** од Нацрт извештајот, која се однесува на исплатени средства за услуги кои не се целосно извршени **претставува известување** за активностите кои ќе бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака.

12. Забелешката на наодот од точката **4.4.2** од Нацрт извештајот, која се однесува на непочитување на одредбите од Законот за јавни набавки **претставува известување** за активностите кои ќе бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака.

---

Ревизорски тим:

1. ________________
2. ________________
3. ________________
4. ________________

Овластен државен ревизор

____________________________